
РАЗВОЈНА ПРОГРАМА
НА
ООУ„ПЕТАР МУСЕВ“ БОГДАНЦИ
ЗА ПЕРИОД 2026-2030 ГОДИНА

СЕПТЕМВРИ 2026



Преамбула

Развојното планирање на ООУ „Петар Мусев“ – Богданци, претставува стратешки документ изработен врз основа на важечките закони и регулативи, со цел обезбедување континуиран напредок и развој на образовната институција. Изработката на оваа програма е во согласност со Законот за основно образование, конкретно член 49, став 1 и 2, кој ги регулира принципите за функционирање и планирање на работата на основните училишта. Дополнително, програмата е усогласена со Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште (бр. 18-6579/1 од 6.07.2020), кој ги утврдува основните елементи и параметри за планирање и спроведување на образовните активности.

Во процесот на развој на оваа програма се земени предвид и другите релевантни законски регулативи, како што се Законот за наставници и стручни соработници во основното училиште, кој ги дефинира улогите, правата и обврските на наставниот кадар, Законот за работни односи (член 30-35 и 40-46), кој ги регулира работните односи во училиштето, и Законот за јавни набавки (член 1-3 и 15-19), кој ја утврдува постапката за набавки на потребните средства и ресурси за непречено функционирање на училиштето. Развојната програма е усогласена и со Статутот на училиштето, кој ги утврдува внатрешните правила и начини на управување со институцијата.

Програмата е подготвена врз основа на резултатите од Извештајот од интегралната евалуација на училиштето, која е спроведена од страна на релевантните надзорни тела, како и врз основа на Самоевалуацијата на училиштето, спроведена за периодот 2023-2025 година. Овие извештаи ја дадоа основата за идентификување на предизвиците, потребите и можностите за унапредување на образовниот процес и инфраструктурата на училиштето.

Предлогот на Развојната програма е иницира од Директорот на ООУ„Петар Мусев“ – Богданци, по претходно добиено позитивно мислење од Наставничкиот совет и Советот на родители. По разгледување на овој предлог, истиот беше доставен до Училишниот одбор на ООУ „Петар Мусев“ – Богданци за конечно усвојување. На седница одржана на ден 16.09.2026 година, Училишниот одбор го разгледа и едногласно ја усвои Развојната програма за работа на училиштето за периодот 2026 – 2030 година.

Со оваа програма, училиштето ја поставува основата за својата иднина, осигурувајќи квалитетно образование за сите ученици преку планиран и структуриран развој во наредниот четиригодишен период.

Развојна програма на училиштето	
Училиште	ООУ„ПЕТАР МУСЕВ“
Адреса	Крушевска 64 Богданци
Телефон, е-пошта	034 221 034 petarmusev@yahoo.com
Период на подготовка на Развојната програма на училиштето	2026-2030
Број на ученици во училиштето	441
Број на подрачни училишта	1
Училишен директор	
Име и презиме	Атанас Нанчев
Потпис	
Датум	
Одобрување од УО	
Име и презиме	Верка Минова Јосифовска
Потпис	
Датум	

Содржина

1. **Податоци за основното училиште**
1.1. Идентификациски податоци за училиштето
1.2. Историјат на основното училиште

2. **Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето**

3. **Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (СВОТ-анализа)**

4. **Мисија и визија на основното училиште**

5. **Избрани приоритети и образложение за секој од нив**

6. **Дефинирани стратешки и развојни цели**

7. **Акциски планови за реализација на Развојната програма на училиштето**

8. **Комисија за изработка на Развојната програма на училиштето**

1. Податоци за основното училиште

1.1. Идентификациски податоци за училиштето

Податоци	
Име на основното училиште	ООУ„ПЕТАР МУСЕВ“
Адреса	Ул.„Крушевска“ 64 Богданци
Телефон	034 221 034
Место, општина	Богданци
Веб-страница	petarmusev.mk
Е-пошта	petarmusev@yahoo.com
Ден на училиштето	26 Април
Внатрешна површина на училиштето (m2)	4634 пу 221
Училишен двор (m2)	17000 пу 3524
Подрачни училишта во состав на основното училиште, место	ПУ Ѓавото
Капацитет на училиштето (максимален број ученици)	1000
Број на ученици (моментална состојба)	441
Број на паралелки	22
Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето	Македонски
Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби	Не
Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето	Една
Во основното училиште има паралелки од музичко училиште	Не
Во основното училиште има ресурсен центар	Не
Други идентификациски податоци карактеристични за основното училиште	4 образовни асистенти

1.2. Историјат на основното училиште

Во учебната 1994/5 година во училиштето биле запишани 887 ученици распоредени во 30 паралелки и тоа 14 во одделенска и 16 во предметна настава. Од тогаш бројот на ученици е со тенденција на опаѓање освен преодната година со стапување на деветгодишното основно образование.

Од бројните ученици кои завршиле основно образование во ова училиште некои се познати научници, доктори, професори, уметници, доктори на науки, академици и во последно време бројни магистри.

Со дел од учениците училиштето достигнало и до државни награди на натпревари по физика, математика и мајчин јазик.

Од отварањето во 1945 година до денес во училиштето работеле околу 250 учители, наставници, професори. Прв директор бил Лазо Аџигогов. Директори биле и Ристо Ванов, Никола Чавдаров, Димитар Чакалов, Владо Кундурџиев, Риса Бејкова, Здравко Иљачев, Стефана Демерџиева Директор на училиштето од 17.01.2018 година е Атанас Нанчев - професор по математика.

Училиштето својот Патрон го слави на 26 Април во чест на првоборецот од НОВ Петар Мусев.

1.3. Преглед на постигнатите резултати од претходната Развојна програма на училиштето

(За секоја развојна цел во рамките на стратешката цел се означува степенот на реализација и образложение за реализираноста/нереализираноста на целта – причини и влијание врз чинителите)

Стратешка цел 1	Развојни цели	Целосно реализирана	Делумно реализирана	Нереализирана	Образложение
Подобрување на условите за работа во училиштето	1.1 Унапредување на хигиената во училиштето	/	+		Поради физичката и здравствената небезбедност на сите присутни во училиштето и докази од ИЗИИС за небезбедноста, со Одлука на Наставнички совет, Училишен одбор, Совет на родители и поддршка од Совет на Општина Богданци, Градоначалникот на Општина Богданци и ДПИ, на 26.03.2025 година, наставата продолжи да се изведува во зградата
	1.2. Реновирање на ЦУ - Богданци	/	+		
Стратешка цел 2	Развојни цели	Целосно реализирана	Делумно реализирана	Нереализирана	
Развој на мултикултурализмот во училиштет	2.1 Развивање на добри практики и научени поуки за етничка	/	+		

о	интеграција				на СОУ„Богданци“ Богданци каде просторните услови во зградата беа несоодветни на бројот и возраста на учениците,
Стратешка цел 3	Развојни цели	Целосно реализирана	Делумно реализирана	Нереализирана	
Подобрување на квалитетот на наставата	3.1. Интегрирање на еколошката едукација во наставните планови по сите наставни предмети	/	+		

2. Фактори кои влијаат на развојот на основното училиште (SWOT анализа)

SWOT анализа

Предности (силни страни) на основното училиште	Слабости (слаби страни) на основното училиште
- Училиштето е отворено за соработка, промени и развој; - Постои позитивна клима,одговорност и конструктивна соработка на релација наставник-ученик-родител; - Сите ученици се прифатени без разлика на нивната социјална, етничка или родова припадност, способност и можности; - Наставниот кадар соработува со споделување на иновативни методи и ИКТ стратегии за поучување на учениците, како и пренесување на искуството од кадарот кој има повеќе години поминато во воспитно – образовна институција - Училиштето редовно се вклучува во проекти и	- Не постоење на училишна спортска сала, која го отежнува изведувањето на планот и програмата по ФЗО во зимскиот период. - Дотраени подови во некои училници - Постоење на стар и дотраен училишен мебел во некои училници и кабинети; - Немање на продолжен дневен престој за учениците од I до V одд - Неможноста секој наставник и стручен соработник да се усоврши преку обука во оние компетенции коишто му се потребни; - Недостаток на доволно материјални средства за реализација на активности за професионален развој на наставниот кадар.

одржлив развој на истите; - Современ и естетски уреден училишен простор; - Пространи спортски терени со рефлекторска расвета; - Адаптиран тоалет и рампи за ученици со попреченост - Работење во една смена, со можност за енергетска ефикасност и позитивно влијание врз био-социјалниот развој на учениците. - Релативно ниска стапка на насилство помеѓу учениците; - Нашите ученици редовно и успешно учествуваат на натпревари, манифестации, приредби и проекти каде што го претставуваат и афирмираат училиштето. - Долгогодишно успешно партнерство со училиштето „Мехмед Дерала“ –Градец како дел од МИО проектите - Годишно се прави организација и учество во хуманитарни акции. - Успешни реализации на воннаставни активности кои ги подобруваат вештините, знаењата и компетенциите на учениците за интереси надвор од училишниот курикулум.	- Недостаток на асистивна технологија за учениците со попреченост (Софтвери, интерактивни таблети и екрани). - Потреба од партнер училиште за Еразмус проект за унапредување на инклузијата. .
Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште	**Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањето за основното училиште**
- Постоење на простор во кој може да се изгради училишна сала - Обезбедување образовни асистенти за учениците со попреченост. - Во соработка со Општината, аплицирање на проекти со кои се финансираат инфраструктурни активности; - Можности за унапредување	- Недоволна мотивираност на наставниот кадар за сопствено стручно усовршување; - Сменети вредности на општеството и домашното воспитување; - Преобемен наставен план и наставни програми; - Недостаток на финансии за набавка на нагледни

на професионален развој на наставниот кадар; - Дополнителна обука на наставниот кадар за аплицирање на проекти (Еразмус партнерства); - Остварување на соработка со Академии за неформално образование за возрасни, и со тоа користење на капацитетите на наставниот кадар за обука на наставници - Остварување на соработка со други основни училишта во земјата, на ниво на стручни активи, стручни соработници и сл. - Соработка со невладини организации; - Вклучување на родителите во заеднички активности и акции од хуманитарен, еколошки и забавен карактер; - Училиштето би требало уште повеќе да ја зајакне соработката со бизнис секторот за да може уште поефикасно да работи и да ги остварува своите цели и задачи - Изнаоѓање на можности за донаторски средства.	средства за комплетна и непречена реализација на Новата наставна програма; - Недоволно финансиски средства за набавка на асистивна технологија за учениците со попреченост - Неможноста на училиштето да обезбеди финансиски средства потребни за обуки за наставниците и стручните осработници, посета на конференции, студиски посети и други облици на стручно усовршување кога не се достапни преку МОН и БРО - Неможност на наставниците самостојно финансиски да си обезбедат парични средства за потребната обука; - Намалување на бројот на ученици во училиштето заради опаѓање на наталитетот и миграција на населението - Зголемување на бројот на ученици кои имаат тешкотии во учењето; - Укинување на продолжениот дневен престој - Игнорирање на некои родители на поканите од страна на училиштето, особено на родителите на оние ученици кои покажуваат слаб успех;

3. Мисија и визија на основното училиште

Мисија

УЧИЛИШТЕТО Е ПРОСТОР ЗА ОБРАЗОВАНИЕ, ВОСПИТАНИЕ, КРЕАТИВНОСТ И ИНСПИРАЦИЈА, ОДГОВОРНОСТ, МУЛТИКУЛТУРА , РЕКРЕАЦИЈА И МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА.

ТИЕ СЕ ПРЕДИЗВИЦИТЕ КОИ ДАРУВААТ УСПЕХ

Визија

ПРЕКУ ТИМСКА РАБОТА САКАМЕ ДА ГО УНАПРЕДИМЕ КВАЛИТЕТОТ НА НАСТАВАТА, СТИЛОТ НА ОДНЕСУВАЊЕ И УСЛОВИТЕ ЗА РАБОТА, ШТО ЌЕ ПРИДОНЕСЕ УЧИЛИШТЕТО ДА БИДЕ СРЕДИНА ЗА ПОТИКНУВАЊЕ НА МЕЃУЕТНИЧКА ИНТЕГРАЦИЈА И ЌЕ ЧИНИ ЗАДОВОЛСТВО НА СИТЕ АНГАЖИРАНИ СУБЈЕКТИ.

4.Избрани приоритети и образложение за секој од нив

(Се наведуваат селектираните приоритети и образложение за важноста на тој приоритет)

Приоритет	Образложение
Целосно реновирање на оштетените подови, на тоалетите за наставници. Обновување на подовите и реновирање на фасадата. Изградба на училишна спортска сала.	Недоволно задоволителна хигиена на тоалетите и подовите Недоволно хортикултурно уреден училишен двор Несоодветни услови за целосна реализација на програмата по ФЗО Оштетена фасада и подови од долгогодишното прокиснување на кровот
Вклучување на учениците во активности со ученици од друг наставен јазик, други култури (од друго училиште)	Недоволна вклученост на учениците во активности со ученици од друг наставен јазик, други култури (од друго училиште) во последните 2 учебни години
Поттикнување на учениците на почитување - заштеда на ресурсите и заштита на околината од загадување Индиректно влијание на градење на еко култура во домовите на учениците и локалната заедница	Современите услови на живеење се поврзани со зголемена потрошувачка на енергија, вода и зголемени количини на отпад од сите видови. Градењето на еко култура од најрана возраст може да ја развие свесноста на сегашните генерации за одговорноста кон нивните потомци

5.Дефинирани стратешки и развојни цели

Приоритетните подрачја се одредуваат согласно резултатите од интерните и екстерните евалуации (самоевалуација, интегрална евалуација и СВОТ анализа) и ресурсите што се на располагање на училиштето што се потребни за нивното остварување (финансиски, материјални, човечки). При изборот на приоритетните подрачја за развој на училиштето се води сметка за потребите на учениците, специфичностите на училиштето, силните страни на училиштето, ресурсите со кои располага и др. Приоритетни подрачја за развој на училиштето се избираат од седумте подрачја од самоевалуацијата односно од екстерната евалуација.

Од приоритети кон стратешки цели (се наведува приоритетот или групата приоритети за кои се дефинира стратешката цел)

Приоритет/и	**Стратешка цел**
Подобрување на хигиена на тоалетите Хортикултурно уреден училишен двор и естетско уредување на објектот Обезбедување соодветни услови за реализација на програмата по ФЗО	Подобрување на условите за работа во училиштето
Вклучување на учениците во активности со ученици од друг наставен јазик, други култури (од друго училиште)	Развој на мултикултурализмот во училиштето
Интегрирање на еколошката едукација во наставните планови по сите наставни предмети	Подобрување на квалитетот на наставата

Од стратешки цели кон развојни цели (за секоја стратешка цел се дефинираат 2-3 развојни цели)

Стратешка цел 1	Развојни цели
Подобрување на условите за работа во училиштето	1.1 Подобрување на средината за учење во училиштето – функционално и естетско уредување
	1.2 Унапредување на хигиената во училиштето
	1.3 Реновирање на ООУ Петар Мусев – Богданци
Стратешка цел 2	Развојни цели
Развој на мултикултурализмот во училиштето	2.1 Развивање на добри практики и научени поуки за етничка интеграција

Стратешка цел 3	Развојни цели
Подобрување на квалитетот на наставата	3.1 Интегрирање на еколошката едукација во наставните планови по сите наставни предмети

6. Акциски планови за реализација на развојната програма на училиштето

Стратешка цел 1. **Подобрување на условите за работа воучилиштето**						
Развојна цел 1.2. 1.1. Подобрување на средината за учење во училиштето – функционално и естетско уредување						
Активности	Индикатори за успех	Реализатори	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење за реализација на активностите	Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите
Модернизирање на инвентарот во училниците Подобрување на нагледноста во наставата Акции за уредување на училниците и дворот (проектот за екологија) и аплицирање за добивање зелено знаме Уредување на простор во ходниците на училиштето со клупи за седење и корпи за отпадоци	Подобрен квалитет на настава Подобрен успех на ученици Добиено Зелено знаме Опремени училници Задоволство на учениците и наставниците Користење на современи пристап и вонаставата	Директор Стручни тимови Комисии за набавки Стручни Активи Ученичка заедница	2026-2030	Финансии Конкретни планирања и нацрти	Претставници од УО и СР	Чек листи Анкети за Ученици и родители
Стратешка цел 1. **Подобрување на условите за работа воучилиштето**						
Развојна цел 1.2. Унапредување на хигиената во училиштето						
Активности	Индикатори за успех	Реализатори	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење за реализација на активностите	Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите
-Набавка на соодветни алатки и средства за оддржување на хигиена -Правилна распределба на просторот за чистење - Воведување Еко патрола	Подобрена хигиена на сите нивоа	Директор Комисија за хигиена Технички персонал Ученици	2026-2030	Финансиски средства Мотивирани вработени	Претставници од УО и СР	Чек листи Анкети за Ученици и родители

Развојна цел 1.3 Реновирање на ООУ Петар Мусев – Богданци						
Активности	Индикатори за успех	Носители на активностите	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење за реализација на активностите	Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите
-Функционално Одржување на реновираната кровна конструкција -Реновирање подови по училниците -. Реновирање на тоалети за наставници во ЦУ Санација на целата фасада во училиштето Изградба на фискултурна сала -Изработка на предмер - Процедура за јавна набавка	Целосно реновирање на подовите Функционален кров Реновирани тоалети според стандарди Обновена Фасада Отпочната постапка за градење на сала	Директор Комисија за ЈН	2026-2030	Финансии Поддршка од ЛС	Претставници од УО и СР	Чек листи Анкети за Ученици и родители

Стратешка цел 2. **Развој на мултикултурализмот во училиштето**						
Развојна цел 2.1 Развивање на добри практики и научени поуки за етничка интеграција						
Активности	Индикатори за успех	Реализатори	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење за реализација на активностите	Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите
Продолжување на соработка со партнерско училиште Вклучување на ПМИО во активности при наставните планови по одделни предмети Промовирање на активностите од ПМИО Градење на капацитетите на училиштето и наставниците	Изработени на наставни планови со интегрирани содржини од етничка интеграција Активности на учениците по повод верските празници Реализирање на отворени часови	Директор Стручни тимови Комисии за набавки Стручни Активи Ученичка заедница	2026-2030	Финансии Конкретни планирања и нацрти	Претставници од УО и СР	Чек листи Анкети за Ученици и родители

	Информирање на ЛЗ Медиумска покриеност на настаните Активности со Училишниот Одбор Активности со Совет на родители Отворена соработка на училиштето со верските заедници					

Стратешка цел 3. Подобрување на квалитетот на наставата						
Развојна цел 3.1 . Интегрирање на еколошката едукација во наставните планови по сите наставни предмети						
Активности	Индикатори за успех	Реализатори	Временска рамка за имплементација	Потребни ресурси	Тим за следење за реализација на активностите	Инструменти/извори на информации за следење на индикаторите
Подобување на квалитетот на наставата и аплицирање за зелено знаме Изработка на еколошки проект Заштеда на електрична енергија Намалување на отпадот во училиштето Грижа за флората и фауната во училишниот двор Одржување на училишниот двор	Изработени на наставни планови со интегрирани содржини од деветте еколошки теми Изготвувени планови на активности за проект Изготвен на Проект за заштеда на електрична енергија Поставени на канти и селектирање на отпадот Изработени и поставување на куќички за птици Обновувени на садници Добиено Зелено знаме	Директор Стручни тимови Комисии за набавки Стручни Активи Ученичка заедница	2026-2030	Финансии Конкретни планирања и нацрти	Претставници од УО и СР	Чек листи Анкети за Ученици и родители

5. Комисија за изработка на Развојната програма за работа на основното училиште

- Атанас Нанчев (директор)
-Невена Петрушева (психолог)
-Снежана Енџекчева (педагог)
- Наталија Манолева (одд.наставник)
-Томида Окова Попова (предм.наставник)
-Благица Станчев (одд. Наставник)
- Адријана Тодорова (предм.наставник-наставник советник)
-Александра Каркалашева (Ученички парламент)
-Петар Стојчевски (Совет на родители)
-Верка Минова Јосифовска (Совет на родители)
-Иван Вангелов (Локална Самоуправ)

Септември 2026 г.

Директор –Атанас Нанчев

Претседател на Училишен одбор-Верка Минова Јосифовска